ОПШТИНА БИТОЛА

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Со цел превенција од ширење на корона вирусот, а согласно Заклучоците донесени на седница на Владата на Република Северна Македонија, Општина Битола, ги информира граѓаните дека превозниците кои вршат општински линиски превоз на патници во Општина Битола, од утре 13.03.2020, ќе сообраќаат на линиите кои ги одржуваат до 17.00 часот.

Воведувањето на оваа мерка ќе овозможи доволно време за исполнување и на заклучокот донесен на 15 та седница на Владата на Република Северна Македонија, кој гласи: сите јавни претпријатија и приватни компании што вршат јавен превоз на патници да вршат редовна дезинфекција на превозните средства, како и: возрасните и високоризичните категории на граѓани со хронични болести да го намалат своето движење и да го избегнуваат јавниот превоз.

Исто така, Општина Битола ги известува и сите авто-такси компании, нивните возачи да возат со заштитни маски и ракавици и секој ден да ги дезинфицираат возилата.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 332 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk